8. Потпрограма 54 – надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 29.000.000 денари. Средствата на оваа потпрограма се наменети за: исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и баратели на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2016 година, со напомена дека во 2016 година ќе се измират и неизмирените обврски по основа на правата од 2015 година.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-10423/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**85.**

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2016 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на Основните геолошки истражувања за 2016 година.

II

Средствата за финансирање на проектите предвидени во оваа програма се во износ од 1.873.650 (еден милион осумстотини седумдесет и три илјади шестотини и педесет) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2016 година, раздел - 10001, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, од кои 133.650 (сто триесет и три илјади шестотини и педесет) денари од категорија 48 – капитални расходи, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства и 1.740.000 (еден милион седумстотини и четириесет илјади) денари од категорија 42 - стоки и услуги, ставка 425 - договорни услуги.

III

Средствата по предложените проекти кои се предмет на реализација со оваа програма се со цел обезбедување на Основни геолошки карти и податоци за геолошкиот состав и структурата на земјината кора, преку изработка на дигитални основни геофизички, геолошки и хидрогеолошки карти и геохемиски атлас на Република Македонија, од дел II на оваа програма ќе се користат за следните намени:

| Реден број | Вид позиција | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на дигитални основни геофизички (гравиметриски и геомагнетни) карти на Република Македонија во ГИС технологија со толкувачи | 600.000 |
| 2. | Изработка на дигитални геолошки карти на Република Македонија (од 1:25 000) со методологијата на Географски информационен систем - реализација на I фаза | не се потребни средства |
| 3. | Дигитализација на Основните геолошки карти на Република Македонија во размер 1:200 000 | не се потребни средства |
| 4. | Обработка на податоците во дигитална форма на Основната хидрогеолошка карта (ОХГК) 1:100 000 и изработка на Толкувач за лист Охрид и Поградец | 540.000 |
| 5. | Геохемиски атлас на Република Македонија | 600.000 |
| 6. | Пренесени обврски од 2015 година | 133.650 |
| | ВКУПНО: | 1.873.650 |

IV

Реализацијата на проектите под реден број 1 и 4 од делот III на оваа програма ќе биде извршена од страна на Геолошки завод на Република Македонија во соработка со домашни и надворешни соработници - експерти од соодветна геолошка област избрани по пат на јавен конкурс.

Реализацијата на проектите под реден број 2 и 3 од делот III на оваа програма ќе биде извршена самостојно и во целост од страна на Геолошки завод на Република Македонија.

Реализацијата на проектот под реден број 5 од делот III на оваа програма ќе биде извршена од страна на Геолошки завод на Република Македонија во соработка со Природно математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје врз основа на склучен договор за уредување на меѓусебните односи со кој средствата во износ од 600.000 (шестотини илјади) денари Геолошкиот завод на Република Македонија ќе му ги отстапи на Природно математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје за потреби на печатење на Геохемискиот атлас на Република Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-12354/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**86.**

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14 и 152/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува распределбата на средствата потребни за финансирање на железничката инфраструктура, кои се обезбедени во Разделот 130.01 Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфрструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации средства во износ од 220.000.000 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени: